РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 02 - 1187 / 1
19.11.2025
СКОПЈЕ

University American College Skopje

Врз основа на член 37, став 7 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018, Сл. весник на РСМ бр. 178/21, Сл. весник на РСМ бр. 58/24 и Сл. весник на РСМ бр. 124/25) и член 27 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје, ректорката на ПВУ Универзитет Американ Колеџ Скопје, на 19.11.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за распишување на избори за членови на факултетско и универзитетско студентско собрание**

1. Се распишуваат избори за:
– членови на факултетско студентско собрание и
– членови на универзитетско студентско собрание.

2. Со оваа одлука се формира комисија за организирање на изборот и спроведување на оваа одлука, во состав:
– Лиа Бакев студентка, со ИД број 6086;
– Јана Попова студентка, со ИД број 5755 и
– асистент м-р Надежда Поп Костова.

3. Изборите од точка 1 се распишуваат за 1.12.2025 година.

4. Универзитетот избира факултетско студентско собрание во состав:
Два студенти од секоја студиска година од прва, втора и трета година на секоја од единиците, од групите на англиски и македонски јазик, односно вкупно 30 студенти од целиот Универзитет.

5. На следниот работен ден по завршувањето на изборите, се закажува седница на Факултетското студентско собрание за соопштување на резултатите и избор на членовите на факултетското студентско собрание.

6. Сите членови на факултетското студентско собрание се истовремено и членови на универзитетското студентско собрание.

7. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

8. Одлуката да се достави до членовите на комисијата кои се одговорни за организирање на изборите и до архивата на Универзитетот.

Ректорка
проф. д-р Венера Крлиу Ханџиски